КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр. 391**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-447 од 22.11.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител З.С лично и полномошник Б.К.Ј од К, по одржан претрес на ден 24.12.2013 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител З.С именуван за подрачјето на Основен суд К, Основен суд Б, Основен суд В и Основен суд Д со адреса на ул . во Д.

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот З.С постапувајќи по барањето за извршување заведено под И бр.742/12 изготвил Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка (врз основа на член 137 од Законот за извршување) И бр.742/12 од 06.09.2012 година во кој пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие изготвување на каматна листа во износ од 10.111,0 ден. и во налогот за извршување и наложил на банката кај која се води трансакциската сметка на должникот да пренесе на посебната сметка на извршителот износ од 12.346,00 ден. на име главен долг со казнена камата од 2008 година по поединечни износи на главниот долг наведени во извршната исправа до исплатата, со што извршителот го задолжил должникот со непотребни извршни трошоци за изготвување на каматна листа, од причина што кога се спроведува извршување врз побарување по сметка кај банка, носителот на платниот промет ја пресметува каматата. Со ваквото постапување извршителот постапил спротивно на членот 5 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06,

8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11) со кој е пропишано дека извршителот при спроведување на извршувањето е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.

2. Извршителот постапувајќи по барањето за извршување заведено под И.бр.568/12 изготвил Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) И.бр. 568/12 од 28.09.2012 година во кој спротивно на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.9/11), за вкупен долг од 8.122,00 денари по поединечни износи наведени во извршната исправа со казнена камата од 2010 година, пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие изготвување на каматна листа во износ од 5.425,00 денари, односно наместо за 12 стапки по поединечни износи на главниот долг колку што содржи извршната исправа истиот како стапка го пресметувал секој месечен износ на казнената камата на поединечните износи на главниот долг од 2010 година до денот на изготвување на налогот и го задолжил должникот во налогот, со што извршителот постапил спротивно на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и спротивно на член 5 став 2 од Законот за извршување со кој е пропишано дека извршителот при спроведување на извршувањето е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.

**со кои дејствија** извршителот З.С постапувајќи по предметот И.бр.742/12 сторил дисциплински повреди: „ при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот „ по член 54-г став 1 алинеја 2 од ЗИ и „ наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата, “ од член 54-г став 1 алинеја 8 од Законот за извршување опишани во точка 1 ; извршителот постапувајќи по предметот И.бр. 568/12 сторил дисциплински повреди : „ при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот „ по член 54-г став 1 алинеја 2 од ЗИ и „ наплати поголема

награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата, “ од член 54-г став 1 алинеја 8 од Законот за извршување опишани во точка 2,

па врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 2000 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот З.С од Д утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-447 од 22.11.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот З.Сврз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-447 од 08.10.2013 година спроведен со увид во предметите И.бр.742/12 и И.бр.568/12 во канцеларијата на извршителот. Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дисциплински повреди по член 54-г став 1 алинеја 2 и алинеја 8 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предмет И.бр.742/12 изготвил Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка (врз основа на член 137 од Законот за извршување) И бр.742/12 од 06.09.2012 година во кој пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие изготвување на каматна листа во износ од 10.111,00 ден. и во налогот за извршување и наложил на банката кај која се води трансакциската сметка на должникот да пренесе на посебната сметка на извршителот износ од 12.346,00 ден. на име главен долг со казнена камата од 2008 година по поединечни износи на главниот долг наведени во извршната исправа до исплатата, па предлагачот смета дека со ваквиот начин на пресметка извршителот го задолжил должникот со непотребни извршни трошоци за изготвување на каматна листа, наведувајќи дека кога се спроведува извршување врз побарување по сметка кај банка, самата банка ја пресметува каматата.

Предлогот за дисциплинска постапка е и со наводи кои го товарат извршителот дека постапувајќи по предмет И.бр.568/12 изготвил Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) И.бр. 568/12 од 28.09.2012 година во кој спротивно на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.9/11), за вкупен долг од 8.122,00 денари по поединечни износи наведени во извршната исправа со казнена камата од 2010 година, пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие изготвување на каматна листа во износ од 5.425,00 денари и го задолжил должникот во налогот со овој износ,

односно наместо за 12 стапки по поединечни износи на главниот долг колку што содржи извршната исправа истиот како стапка го пресметувал секој месечен износ на казнената камата на поединечните износи на главниот долг од 2010 година до денот на изготвување на налогот, врз основа на што подносителот смета дека извршителот постапил спротивно на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и спротивно на член 5 став 2 од Законот за извршување со кој е пропишано дека извршителот при спроведување на извршувањето е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.

Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплински повреди по член од член 54-г став 1 алинеи 2 и 8 од Законот за извршување и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот З.С во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 10.12.2013 година наведе дека видно од поднесената претставка од страна на должникот во врска со предметот И.бр.568/12 истиот воопшто не се жалел на извршителските трошоци ниту пак истакнувал наводи дека истите се превисоко поставени ,односно спротивни на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на извршителите а ниту пак ја спомнува каматната листа како извршно дејствие, дека истата е превисоко тарифирана. Извршителот наведе дека должникот приговарал дека не му бил доставен заклучок за утврдување на трошоци, како и фотокопии од писмените доставници, а кои извршителот немал законска обврска истите да ги доставува.

Извршителот наведе и дека без да имаат приговор на таа околност сепак бил спроведен вонреден надзор од страна на претставници на Министерство за правда и било констатирано дека постојат неправилности при извршувањето на начин што извршителот пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие - изготвување на каматна листа на начин што наместо за 12 стапки по поединечни износи извршителот како стапка го пресметувал секој месечен износ на камата на поединечните износи на главниот. Извршителот во своја одбрана наведе дека каматната листа била предвидена во Тарифата за награда и надоместок на работата на извршителите и за истата постоела и судска пракса односно Решение на Апелациониот суд Штип во кое било утврдено дека истата е признаена и дека го следува извршителот. Па од причина што не постои став на Комората на извршителите на кој начин да биде пресметувана каматата поточно дали каматната листа да се изготвува по стапки или пак по ставки , ниту пак врз основа на која пресметка на каматна листа, извршителот смета дека не сторил

неправилност а истото и од причина што согласно Тарифата за награда и надоместок на работата на извршителите секоја промена на стапка изнесува едно евро.

Извршителот наведе дека доверителот во барањето за извршување побарува и камата на поединечните износи па извршителот согласно чл.18 од ЗИ ја пресметал каматата за која изготвил и каматна листа која согласно Тарифата за трошоците за извршување го следувала извршителот согласно Табела 2 точка 2 и тоа во конкретниот предмет-88 стапки по едно евро или износ од 5.425.00 ден на име изготвување на каматна листа. Извршителот наведе и дека спровел и консултации со овластени ревизори и добил мислење дека на правилен начин е пресметана каматната листа.

Во однос на предметот И.бр.742/12 извршителот З.Сна ден 06.09.2012 година изготвил Налог за извршување врз основа на чл.137 од ЗИ кој налог бил доставен до должникот кој се јавил во канцеларијата на извршителот на ден 25.09.2012 година и истиот кажал дека е пензионер меѓутоа сака долгот да го исплаќа на рати ,за кое нешто Иврштителот составил службена белешка и уште истиот ден извршителот изготвил барање за застанување со извршување до Алфа Банка АД Скопје.

Извршителот наведе дека е неспорно да и банката врши пресметка на каматата меѓутоа во овој случај сметката на должникот била деблокирана и должникот започнал исплата на долгот на рати на сметката на извршителот па со оглед на оваа ситуација извршителот морал да прави пресметка на каматата на поединечните износи и да изготви каматна листа се со цел да го исплати паричното побарување на доверителот согласно барањето за извршување.

Извршителот истакна дека согласно член 6 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите е предвидено дека при извршувањето заради наплата на парични побарувања, извршителот во налогот за извршување, поединечно ќе ги утврди цената за администрирање, цената на извршните дејствија како и реалните трошоци и наградата на извршителот за извршните дејствија. Па според тоа извршителот З.Сво Налогот за извршување И.бр.742/12 од 06.09.2012 година врз основа на член 137 од ЗИ редоследно ја утврдил цената за администрирање , цената за извршните дејствија како и реалните трошоци и наградата за извршителот при што сите износи кои се наведени во Налогот за извршување се правилно одмерени, пресметани и во согласност со Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите и за нив следува соодветен надоместок.

Извршителот предвидел во налогот и реален трошок а кој настанал поради пуштено барање до Единствениот регистар на трансакциски сметки кое барање се наплаќа во износ од 500,00ден, односно истото претставува реален трошок при превземањето на извршни дејствија односно никаде во налогот не фигурира износ од 1.000.00ден на име реален трошок кој износ го наведува должникот во претставката.

Доверителот во барањето за извршување побарувал и камата на поединечните износи па извршителот согласно чл.18 од ЗИ ја пресметал каматата за која изготвил каматна листа која согласно тарифата за трошоците за извршување го следувала по Табела 2 точка 2 следствено на што за предмет И.бр.742/12 во кој имало 164 стапки извршителот пресметап по едно евро по стапка односно вкупен износ од 10.111.00ден. на име изготвување на каматна листа.

Извршителот истакна дека ваквиот начин на постапување бил во согласност ос повеќе пресуди на Апелационите судови кои се однесуваат на други случаи а и врз основа на стручно мислење во врска со пресметката на каматната листа од страна на С.П, овластен ревизор при Консалтинг БС дека истата била пресметувана во согласност со Законот за извршување и во согласност со промените на каматната стапка.

Извршителот во однос на предметот И.бр.568/12 на ден 28.09.2012 година била направена забрана на 1/3 од пензијата што должникот Ј.А ја зема од Фонд за ПИОМ Скопје а кој налог согласно ЗИ е доставен до Фонд за ПИОМ Скопје. Меѓутоа бидејќи од страна на Фонд не било постапувано подолг период по Налогот од 28.09.2012година, Извршителот со барање се обратил до ФОНД за ПИОМ да го извести од кои причини не се постапува по Налогот И.бр.568/12 од каде бил известен дека истите не се во можност да постапат согласно чл.152 ст.2 од Законот за ПИО.

Извршителот во своја одбрана истакна дека согласно чл.69 став 4 од ЗИ Претседателот на КИРМ изготвува и доставува мислење во случај на спор меѓу извршителите кои се однесуваат за плаќање за извршената работа.

Извршителот истакна дека претставката е безпредметна бидејќи од страна на должникот на ден 06.12.2013 год. истата била повлечена со поднесок и самиот подносител барал понатаму да не се постапува по истата а како и од причина што извршувањето по предметите со Заклучок за запирање од 06.12.2013 година било запрено по чл.28 од ЗИ од страна на Извршителот а врз основа на поднесок за повлекување на извршување од страна на доверителот.

Извршителот наведе дека предлогот за поведување на дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда од чл.54-г став 1 алинеи 2 и 8 е во целост неонован и беспредметен бидејќи повреда може да постои само кога извршителот наплати поголема награда или други трошоци по извршување а што во конкретниот случај не постои бидејќи извршителот не наплатил поголема награда или пак други трошоци по извршување.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 24.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09-355 од 08.11.2013 година на Министерство за правда на РМ;
2. Барање за извршување од 02.07.2012 година од КЈП Водовод К;
3. Платен налог Пл.1346/2011 на Основен суд К ;
4. Налог за извршување по чл. 129 од ЗИ И.бр.568/12 од 28.09.2012 година на извршител З.Сод Д;
5. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.03.2010 до 01.09.2012 година
6. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.04.2010 до 01.09.2012 година
7. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.05.2010 до 01.09.2012 година
8. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.06.2010 до 01.09.2012 година
9. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.07.2010 до 01.09.2012 година
10. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.07.2010 до 01.09.2012 година
11. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.08.2010 до 01.09.2012 година
12. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.09.2010 до 01.09.2012 година
13. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.10.2010 до 01.09.2012 година
14. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.11.2010 до 01.09.2012 година
15. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.12.2010 до 01.09.2012 година
16. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.568/12 од 15.01.2011 до 01.09.2012 година
17. Барање за извршување од 23.07.2012 година од доверител КЈП Водовод К против должник Ј и С.А
18. Платен налог Пл.бр.530/2009 од 24.02.2009 година на Основен суд К;
19. Налог за извршување И.бр.742/12 од 06.09.2012 година врз основа на член 137 од ЗИ;
20. Електронки допис од С.П, овластен ревизор Консалтинг БС ;
21. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.02.2008 година до 01.01.2010 година ;

22. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
23. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.02.2008 година до 01.01.2010 година
24. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.04.2008 година до 01.01.2010 година
25. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
26. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.05.2008 година до 01.01.2010 година
27. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
28. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.06.2008 година до 01.01.2010 година
29. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
30. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.07.2008 година до 01.01.2010 година
31. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
32. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.08.2008 година до 01.01.2010 година
33. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
34. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.09.2008 година до 01.01.2010 година
35. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
36. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.10.2008 година до 01.01.2010 година
37. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
38. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.11.2008 година до 01.01.2010 година
39. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
40. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.12.2008 година до 01.01.2010 година
41. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
42. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 15.01.2009 година до 01.01.2010 година
43. Каматна листа по ЗВСЗК до 31.01.2010 година за И.бр.742/12 со валута од 01.02.2010 година до 01.09.2012 година
44. Поднесок од должник Ј.А од с.Мојанци од 10.12.2013 година
45. Решение на Апелационен суд во Штип ГЖ.бр.975/12 од 11.06.2012 година

46. Заклучок за запирање И.бр.742/12 од 06.12.2013 година
47. Поднесок за повлекување на извршување од КЈП Водовод К 03-5/328/13 од 05.12.2013 година
48. Заклучок за запирање на извршување И .бр.568/12 од 06.12.2013 година
49. Поднесок за повлекување на извршување од КЈП Водовод К бр.03/5-328/13 од 05.12.2013 година

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 23.07.2012 година извршителот примил барање за извршување од доверителот КЈП Водовод К против должниците Ј и С.А од с.Мојанци, врз основа на извршна исправа Пл.бр.530/09 на Основниот суд во К од 27.03.2009 година, заради наплата на парично побарување на име главен долг износ од 12.346,00 ден. со казнена камата како во извршната исправа и трошоци на постапката во износ од 1.000,00 ден.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка (врз основа на член 137 од Законот за извршување) И бр.742/12 од 06.09.2012 година спрема должникот Ј.Аод К за наплата на 432,00 ден. на име цена за администрирање на предметот, 1.233,00 ден. на име изготвување на налог за извршување, 196,00 ден. на име достава на писмена, 500,00 ден. на име реален трошок, 10.111,00 ден. на име изготвување на каматна листа, 925,00 ден. на име награда за извршените дејствија, 2.411,00 ден. на име 18% ДДВ за извршни трошоци, 993, 50 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.02.2008 година па до конечната исплата, 851,50 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.03.2008 година па до конечната исплата, 851,50 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.04.2008 година па до конечната исплата, 8.811,50 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.05.2008 година па до конечната исплата, 284,00 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.06.2008 година па до конечната исплата, 425,50 ден. на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.07.2008 година па до конечната исплата, 425,50 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.08.2008 година па до конечната исплата, 425,50 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.09.2008 година па до конечната исплата, 425,50 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.10.2008 година па до конечната исплата, 284,00 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.11.2008 година па до конечната исплата, 284,00 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна каматна стапка зголемена за 8 % од 15.12.2008 година па до конечната исплата, 284,00 на име главен долг со камата звсзк/рефрентна

каматна стапка зголемена за 8 % од 15.01.2009 година па до конечната исплата и 1.000,00 ден. на име трошоци на постапката.

На ден 02.07.2012 година извршителот примил барање за извршување од доверителот КЈП Водовод К против должниците Ј и С.Аод с.Мојанци, врз основа на извршна исправа Пл.бр.1346/11 од 13.04.2011 година на Основниот суд во К, заради наплата на парично побарување во износ од 8.122,00 ден. со казнена камата на поединечните износи, како во извршната исправа и трошоци на постапката во износ од 480.00 ден.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) И бр.568/12 од 28.09.2012 година со кој определил забрана на 1/3 од пензијата што должникот Ј.А ја остварува од Фондот за ПИОМ за наплата на парично побарување: 431,00 ден. на име цена за администрирање на предметот, 308,00 ден. на име барање на податоци, 1.233,00 ден. на име изготвување на налог за извршување, 98,00 ден. на име достава на писмена, 5425,00 ден. на име изготвување на каматна листа, 924,00 ден. на име награда за извршените дејствија, 1.515,00 ден. на име 18% ДДВ за извршни трошоци, 8.122,00 ден. на име главен долг со камата ЗКК/референтна каматна стапка зголемена за 8 % сметано од 15.02.2010 до 28.09.2012 година во износ од 2.657,79 ден. (со забелешка дека остатокот од каматата на главниот долг дополнително ќе се пресмета се до конечната исплата) и износ од 480,00 ден. на име трошоци на постапката

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-447 од 22.11.2013 година утврди дека извршителот во налогот за извршување И.бр.742/12 пресметал извршни трошоци за изготвување на каматна листа во износ од 10.111,00 ден., и и наложил на банката кај која се води трансакциската сметка на должникот да му пренесе на неговата посебна сметка износ од 12.346,00 ден. на име главен долг со казнена камата од 2008 година по поединечни износи на главниот долг наведени во извршната исправа до исплатата, со што го задолжил должникот со непотребни извршни трошоци за изготвување на каматна листа, од причина што во конкретниот случај се спроведува извршување врз побарување по сметка кај банка, при што носителот на платниот промет е тој што ја пресметува каматата. Со ваквото постапување извршителот постапил спротивно на член 5 став 2 од Законот за извршување со кој е пропишано дека извршителот при спроведување на извршувањето е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот и сторил дисциплински повреди од член 54-г став 1 алинеи 2 и 8 од Законот за извршување.

Понатаму,извршителот во Налогот за извршување И бр.568/12 спротивно на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на извршителите, за вкупен долг од 8.122,00 денари по поединечни износи наведени во извршната исправа со казнена камата од 2010 година, пресметал трошоци за преземање на извршно дејствие изготвување на каматна листа во износ од 5.425,00 денари, односно наместо за 12 стапки по поединечни износи на главниот долг колку што содржи извршната исправа

истиот како стапка го пресметувал секој месечен износ на казнената камата на поединечните износи на главниот долг од 2010 година до денот на изготвување на налогот и неосновано го задолжил должникот во налогот со износ на име изготвување на каматна листа во повисок износ односно наместо за 12 стапки за секој месечен износ го задолжил со вкупно 88 стапки по 1 евро односно износ од 5.425 денари, со што извршителот постапил спротивно на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите со која во Табела 2 точка 2 со која е предвидено дека се наплаќа едно евро по стапка од изготвување на каматна листа како и спротивно на член 5 став 2 од Законот за извршување со кој е пропишано дека извршителот при спроведување на извршувањето е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот и сторил дисциплински повреди од член 54-г алинеи 2 и 8 од Законот за извршување.

Имајќи предвид наведеното, ДК при КИРМ е на став дека извршителот од постапувајќи по предметите И.бр.742/12 и И.бр. 568/12 го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-г став 1 алинеја 2 од Законот за извршување: “при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот“ “ и член 54-г став 1 алинеја 8 од Законот за извршување: „ наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата.

Дисциплинската комисија ги ценеше наводите дадени во одговор на предлогот од страна на извршителот на околноста дека не може да биде повикан на одговорност за повреда на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите од причина што во Табела 2 од истата е предвиден износ од 1 евро по стапка за извршно дејствие „изготвување на каматна листа“ меѓутоа истото немаше влијание за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската комисија од причина што ова дејствие не било неопходно да се спроведе од страна на извршителот во предметот И.бр. 742/12 бидејќи налогот бил доставен до банката и носителот на платен промет при реализација на предметниот налог ќе извршел и пресметка на соодветната камата по предметот, а од друга страна во предметот И бр.568/12 наместо 12 стапки по поединечни износи на главен долг извршителот го пресметувал секој месечен износ на казнената камата на поединечните износи на главниот долг од 2010 година до денот на изготвување на налогот со што неосновано побарал поголем износ на име извршни трошоци .

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда :“ при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот „ по член 54-г став 1 алинеја 2 од ЗИ и дисциплинска повреда „ наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата, “ од член 54-г став 1 алинеја 8 од Законот за извршување Дисциплинската комисија го огласи за виновен извршител З.С од Д за

сторени повреди па му изрече парична казна во износ од 2.000 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителна околност фактот што во конкретниот случај се работи за парично побарување од помала вредност како и околноста што странките во извршувањето склучиле договор за регулирање на наплатата на побарувањето од извршната исправа па врз основа на што барањето за извршување било повлечено и извршителот со заклучок го запрел извршувањето, а како отежнителна околност тоа што извршителот претходно е дисциплински казнуван како и тоа што како извршител со долгогодишно искуство должен е правилно да ја применува Табелата 1 и 2 кои согласно чл.13 од Тарифата се составен дел од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител З.С од Д да плати на име парична казна износ во висина од 2000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител З.С од Д
Архива